ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ, по скратена постапка

Скопје, август 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 13. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 4454/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за финансиски инструменти, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Зоранчо Бојинчев
Ели Фанова
Јане Мицевски
Тони Ќаревски
Иванка Василевска
Драгана Бојковска

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за финансиски инструменти (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/24), се уредуваат работењето на инвестициските друштва и другите лица овластени за вршење на инвестициски услуги и активности, работењето на пазарниот оператор, регулираниот пазар, на МПТ и ОПТ и ОТЦ трансакциите, работењето на давателите на услуги за доставување на податоци, водењето на регистрите за нематеријализирани хартии од вредност и финансиски инструменти, работењето на системите за утврдување и порамнување и на операторите на тие системи, транспарентност на местата за тргување и на инвестициските друштва, забранете дејствија во однос на финансиските инструменти, како и статусот и надлежности на Комисијата за надзор на пазарот на капитал. Законот за финансиски инструменти (*) започнува да се применува 18 месеци од денот на објавување во Службен весник на РСМ, односно започнува со примена од 29 септември 2025 година.

Во Законот за финансиски инструменти (*), се имплементирани ралевантните директиви и регулативи за областа на пазарот за капитал и со истиот се прават коренити и систематски измени во работењето на учесниците и инфраструктурните институции на пазарот на хартии од вредност. Учесниците на пазарот на капитал имаат започнато со подготвителни активности за усогласување на своето работење, но имаат потреба од дополнителен период за усогласување со одредбите од Законот за финансиски инструменти.

Со цел субјектите на пазарот на капитал да имаат доволно време за усогласување со одредбите на Законот за финансиски инструменти(*) се предлага да се одложи рокот за усогласување на институците опфатени со Законот, како и да се одложи започнувањето на примената на овој закон односно истиот да почне со примена од 1 октомври 2026 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основните цели на овој Предлог на закон е одложување на роковите за усогласување на институците опфатени со Законот (Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза, друштвата за инвестиционо советување, друштвата за управување со отворените и затворените инвестициски фондови, како и другите правни и физички лица кои вршат инвестициски услуги).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиски инструменти не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиски инструменти не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на Закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

Член 1

Во Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Македонија" број 66/2024) во членот 519 ставот (3) се менува и гласи:

„Постојните акти на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 , 288/21, 53/24 и 3/25) се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој Закон.”

Член 2

Во членот 520 ставот (4) се менува и гласи:

“Постојните акти на Македонската Берза АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 , 288/21, 53/24 и 3/25), се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој Закон.”

Член 3

Во членот 521 во став (1) зборовите „12 месеци“ се заменуваат со зборовите „18 месеци“.

Член 4

Во членот  522 во став (1) зборовите „12  (дванаесет) месеци“ се заменуваат со зборовите „18 месеци“.

Член 5

Во членот 523 во став (1) зборовите „12 месеци“ се заменуваат со зборовите „18 месеци“.

Член 6

Во членот 525 во став (1) зборовите „12 месеци“ се заменуваат со зборовите „18 месеци“.

Во ставот (2) зборовите „12 месеци“ се заменуваат со зборовите „18 месеци“.

Член 7

Во членот 528 во став (2) зборовите „1 јануари 2028 година“ се заменуваат со зборовите „1 јули 2029 година“.

Член 8

Во членот 530 зборовите „18 месеци од денот на влегувањето во сила“ се заменуваат со зборовите „ од 1 октомври 2026 година“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлог на законот се вршат измени во член 519 од постојниот Закон со кој постојните акти на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност се предлага да се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти кои Централниот депозитар ќе ги донесе врз основа на Законот за финансиски инструменти.

Со членот 2 од Предлог на законот се вршат измени во член 520 од постојниот Закон со кој постојните акти на Македонската берза АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност се предлага да се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти кои Македонската берза ќе ги донесе врз основа на Законот за финансиски инструменти.

Со членовите 3, 4, 5 и 6 од Предлогот на закон се предлага рокот за усогласување на работењето на брокерските куќи, банките со одобрение за работа од Комисијата за хартии од вредност, друштвата за инвестиционо советување, друштвата за управување со отворените и затворените инвестициски фондови, како и другите правни и физички лица кои вршат инвестициски услуги да биде 18 месеци од денот на започнување на примената на Законот за финансиски инструменти. Подолг рок за усогласување на овие институции  им се дава  заради тоа што истите имаат обврска да се усогласат со актите на Комисијата за хатии од вредност и  да се усогласат со новите правила на Централниот депозитар и Македнската берза.

Со членот 7 се менува членот 528, во кој  е уредено дека  рокот за обврските за транспарентност на местата за тргување и транспарентност за инвестициски друштва од ГЛАВА VI и ГЛАВА VII  ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2028 година. Со  Предлогот на закон се предлага одложување на одредбите за обврските за транспарентност да започнат да се применуваат од 1 јули 2029 година.

Со членот 8 со кој се менува членот 530  се одложува рокот за започнување на примената на  Законот за финансиски инструменти од 1 октомври 2026 година.

Со членот 9 од Предлог на Законот  се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Законот за финансиски инструменти ќе се овозможи пролонгирање на роковите за усогласување на институциите опфатени со Законот, како и ќе се одложи започнувањето на примената на овој закон односно истиот ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (*) КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

## Усогласување на работењето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје

### Член 519

(1) Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје е должен да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон, во рок од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговата примена и да поднесе барања до Комисијата за добивање одобрение согласно одредбите од овој закон.
(2) Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје е должен да го воспостави Фондот за обесштетување на инвеститори во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон.
(3) Постојните акти на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се применуваат до денот на одобрување од страна на Комисијата на актите на овластениот депозитар донесени врз основа на овој закон.

## Усогласување на работењето на Македонската берза АД Скопје

### Член 520

(1) Македонската берза АД Скопје е должна да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон, во рок од 12 месеци од денот на неговата примена и да поднесе барања до Комисијата за добивање одбрение согласно одредбите од овој закон.
(2) Во рамки на усогласувањето на став (1) на овој член, Македонска берза АД Скопје за сите удели кои ги има стекнато во други правни лица, а кои надминуваат 25% од вкупните права на глас или основната главнина на правните лицасогласно член 183 од овој закон е должна да побара одобрение за стекнувањето од Комисијата.
(3) Доколку Македонската берза АД Скопје не постапи согласно став (2) на овој член, или ако Комисијата го одбие барањето, Македонската берза АД Скопје е должна да ги оттуѓи стекнатите удели во рок од шест месеци.
(4) Постојните акти на Македонската берза АД Скопје се применуваат до денот на одобрување од страна на Комисијата на актите на пазарниот оператор донесени врз основа на овој закон.

## Усогласување на работењето на брокерска куќа и банка

### Член 521

(1) Брокерската куќа и банка со одобрение за работа од Комисијата се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој Закон, во рок од 12 месеци од денот на неговата примена и да поднесат барања до Комисијата за добивање одобрение, односно претходно одобрениесогласно одредбите од овој закон.

(2) Доколку брокерската куќа и банка не поднесат барања во рокот од ставот (1) на овој член или ако Комисијата го одбие барањето, не смеат да вршат инвестициски услуги и активности согласно член 5 од овој закон.

### Усогласување на работењето на друштво за инвестиционо советување

### Член 522

(1) Друштво за инвестиционо советување со одобрение за работа од Комисијата е должно да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон, во рок од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговата примена и да поднесе барање до Комисијата за добивање одобрение за вршење на инвестициски услуги и активности согласно член 5 од овој закон
(2) Доколку друштвото за инвестиционо советување не поднесе барање во рокот од ставот (1) на овој член или ако Комисијата го одбие барањето, не смее да врши инвестициски услуги и активности согласно член 5 од овој закон.

### Усогласување на работењето на друштвата за управување со отворени и затворени инвестициски фондови

### Член 523

(1) Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови кое врши услуги на инвестиционо советување и управување со средства за сметка на индивидуален клиент согласно Законот за инвестициски фондови, е должно да го усогласи своето работење и да добие соодветно одобрение за управување со портфолио и инвестиционо советување согласно одредбите од овој закон во рок од 12 месеци од денот на примена на овој закон.
(2) Доколку друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови не поднесе барање во рокот од ставот (1) на овој член или ако Комисијата го одбие барањето, не смее да врши активности и да дава услуги на управување со портфолио и инвестиционо советување согласно овој закон.

### Усогласување на други правни лица и физички лица согласно одредбите од овој закон

### Член 525

(1) Сите правни и физички лица кои вршат услуги согласно член 5 од овој закон, а на истите не се применува член 4 од овој закон, се должни да побараат одобрение за работа од Комисијата во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон.
(2) Овластените брокери и инвестициски советници кои имаат добиено одобрение за работа согласно одредбите од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20 и 288/21) се должни да побараат одобрение за работа од Комисијата во рок од 12 месеци од денот на примената на овој закон.

(3) Доколку правните и физичките лица не поднесат барање во рокот од ставовите (1) и (2) на овој член истите не смеат да вршат активности и даваат услуги согласно овој закон.

Одложена примена

Член 528

(1) Одредбите на членовите 11 став (12), 13 став (8), 59, 62 став (7), 172 став (6), 173 став (5)), 188 став (6), 194 став (1) точка 2 и точка 3, 210 став (6), (7) и (9), 213 став (2), 219 став (6) и (7), 220 став (8) и (9), 225 став (2), 230 став (1) точка 2, став (2) точка 4, 5 и 6, 232 став (8), 370 став 1 точка ѓ), став (3) и (4) од овој закон ќе се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(2) Одредбите за обврски за транспарентност на места за тргување и транспарентност за инвестициски друштва од ГЛАВА VI и ГЛАВА VII од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2028 година.

Влегување во сила

Член 530

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе започне да се применува 18 месеци од денот на влегувањето во сила, со исклучок на член 527 став (1) од овој закон, кој се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.